**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Скопје, 29.11.2006 година

**Заклучоци и препораки од 9.седница на НСП**
одржана на ден 17.11.2006 година

1. **Усвојување на записникот од 8.седница на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија.**

Советот го усвои записникот од 8.седница на НСП.

2. **Ефикасност при извршувањето на присилните наплати:**
   **-Писмо од Гранит АД Скопје до Народна банка на Република Македонија;**
   **-Работењето на фирмите со блокирани сметки и нивна евиденција-видување на Управата за јавни приходи (за состојба пред реформата на платниот систем во 2001 година**) *- излагање на директорот на УЈП на работилницата за високото ниво на готови пари во оптек во Република Македонија, 14.04.2006 година, НБРМ;*
   **-Информација за блокирани сметки - моментален пресек (за состојба по реформата на платниот систем во 2001 година)**
   **-Ризици за банките.**

Советот, имајќи ги во предвид дискусиите на членовите во врска со дописот на Гранит АД Скопје до Гувернерот на Народна Банка на Република Македонија, заклучи дека изнесениот проблем не е само проблем на Гранит АД Скопје, туку е поширок и се однесува на ефикасноста на извршувањето на присилната наплата по побарувањата кои економските субјекти ги имаат од општините. Советот препорача, Министерството за финансии во соработка со Министерството за правда, да направат анализа на сегашната ситуација и да предложат евентуални законски решенија и мерки со кои ќе им се оневозможи на општините да ги избегнуваат обврските по основ на присилна наплата преку плаќања со цесии и асигнации, со што ќе се елиминира финансиската недисциплина од страна на општините и ќе се воспостави конзистентна правна рамка во функција на нормално и редовно извршување на наплатите и плаќањата помеѓу општините и реалниот сектор. Бидејќи сметките на општините се во рамките на трезорскиот систем при Министерството за финансии, Советот побара од Министерството за финансии да достави преглед на блокирани сметки и побарувања по општини. Анализата и предлог мерките за надминување на ваквата состојба, треба да биде доставена на разгледување до НСП, која Советот би ја разгледал на вонредна седница до крајот на декември 2006 година.

Советот, врз основа на усно изнесените понови информации за состојбите со блокираните сметки и преземените мерки од претставниците на Управата за Јавни Приходи и дискусиите на членовите, препорача УЈП да достави список на немигрирани сметки со матичен и даночен број до НБРМ, потоа НБРМ да го дистрибуира до банките со цел да се проверат со активните сметки кај банките и

отстранат одредени евентуални пропусти во постапката на миграција на сметки која се одвиваше во периодот на реформа на платниот систем 2001 година.

Советот, имајќи ја во предвид Информацијата за блокирани сметки од НБРМ заклучи дека големиот број на блокади на сметки создава лоша слика за ефикасноста на наплатата во државата и зголемување на степенот на оперативен и правен ризик кај банките. Во таа насока НСП препорача Министерството за финансии заедно со Министерството за екомомија да ја разгледаат ваквата состојба и да предложат законски мерки или измени во регулативата во Законите за стечај, трговски друштва, платен промет, облигации.

**3. Разгледување на извештајот на работната група на Националниот совет за платни системи на Република Македонија во врска со препораките од точка 1 од 8.седница на НСП.**

Советот со предложените корекции од страна на претставникот од Министерството за финансии кои се однесуваат на точка 1.1 од глава II на извештајот го усвои извештајот и препорача истиот да се проследи до Министерството за правда заради понатамошно постапување како надлежо министерство во овој домен.

**4. Информација по однос на препораките од 8.седница на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија.**

Советот заклучи дека е потребна поголема иницијативност и активност на Здружението на банкарството, бидејќи основната цел на формирањето на Советот покрај другото е целосната координација во разрешувањето на проблемите кои се јавуваат кај банките, кои не зависат само од една институција туку од координиран пристап на повеќе институции. Преку таквата иницијативност полесно ќе се разрешат проблемите со неактивните сметки во рамки на Здружението на банкарството. Советот заклучи дека банките треба да ги пријават сметките на физичките лица во ЕРИС бидејќи за тоа се обврзани согласно одредбите на Законот за платен промет.

Советот заклучи преставникот од Здружението на банкарство од банката од каде што е претседателот на Здружението е должен да го информира претседателот за иницијативите и заклучоците на НСП со цел поголема ефикасност во разрешување на проблемите.

**5. Активности за отпочнување на ревизија на Законот за платен промет и предлог на нов закон - статус на активностите во Министерството за финансии, согласно превземените обврски за истото за 2007 година.**

Советот беше информиран од претставниците на Министерството за финансии дека, согласно програмата на Министерството за 2007 година, ревизијата со предлог нов закон ќе биде извршена до крајот на 2007. Советот препорача во изработката на новиот предлог закон активно да бидат вклучени претставници од основачите на НСП со цел сеопфатност на ревизијата како и хармонизација со ЕУ регулативите и директивите.

6. **Разгледување на иницијативата на Министерството за финансии за измени и дополнувања на Законите за меница и чек.**

Советот препорача измените и дополнувањата на Законот за меница и чек кои ќе бидат предложени од страна на Работната група формирана од Министерството за финансии да бидат разгледани од страна на НСП.

7. **Разно**

   **Предлог од претставникот на Здружението на банки-Биљана Митевска од Комерцијална банка**

   **-Усогласување на постапките на носителите на платен промет во врска со трансферите на основачките влогови на правните лица.**

   **-Иницијатива за измена и дополнување на Законот за платен промет.**

**-Усогласување на постапките на носителите на платен промет во врска со трансферите на основачките влогови на правните лица**

Советот ја почитува иницијативата на претставникот од Комерцијална банка АД Скопје и препорача, во колку постои нееднаква примена или нејаснотии околу постојните законски одредби со кои е регулирана оваа материја, банките ова прашање да го поставaт за разгледување на Здружението на банки со цел да се постигне единствено поимање и примена на истото.

**-Иницијатива за измена и дополнување на Законот за платен промет преку дефинирање на поимот средства во членот 15.**

Советот, врз основа на изнесеното од предлагачот на ова прашање и дискусиите од другите членови констатира дека постојната законска одредба не е доволно јасна кога е во прашање примената на истата при плаќањата од сметките на физичките лица, заради што препорача овој предлог да се земе во предвид при ревизијата на Законот за платен промет, а дотогаш банките да ја унифицираат неговата примена на ниво на банкарски сектор преку Здружението за банки.

Емилија Нацевска с.р.
Вицегувернер
Претседател на
Националниот Совет за Платни Системи